Врз основа на член 10 од Законот за Стопанската комора на Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 89/04) и член 15 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, Собранието на Комората, на седницата одржана на 10.03.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на основицата за пресметување и стапката на придонесот (членарината) за Стопанската комора на Македонија

Член 1

Основица за пресметување на придонесот (членарината) што ја плаќа секој член на Стопанската комора на Македонија преставува вкупниот износ на исплатената бруто плата на вработените во правното лице - член на Стопанската комора на Македонија.

Член 2

Стапката за пресметување на придонесот (членарината) за Комората изнесува 0,12%.

Износот на придонесот (членарината) за Стопанската комора на Македонија пресметан според оваа одлука не учествува во формирањето на бруто основицата за пресметување на придонесите и даноците од платите.

Износот на пресметаниот придонес (членарина) се уплатува при секоја исплата на платите од страна на правното лице - член на Комората, на жиро сметката Стопанска комора на Македонија 300000000719194 - депонент Комерцијална банка А.Д. - Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во гласилото и на ВЕБ страницата на Стопанската комора на Македонија.

Бр. 07-1018/7
10.3.2005 год.
С к о п ј е

Претседавач,
Савка Димитрова с.р.

О б р а з л о ж е н и е

Во член 26 од Законот за Стопанската комора на Македонија е утврдено дека средствата за работа на Комората се обезбедуваат од:

- членарината што ја плаќаат нејзините членови;
- надомест за вршење на јавни овластувања;
- приходи од надомест за стручни и други услуги и
- други извори.

Согласно член 10 став 1 алинеја 4 од Законот висината на придонесот на Комората ја утврдува Собранието на Комората, додека според Предлог-статутот на Комората надоместокот за услугите за вршење на јавни овластувања и на другите услуги што ги дава Комората ги утврдува Управниот одбор на Комората.

Имајќи предвид дека со Предлог-финансискиот план на Комората за 2005 година се предлага обезбедувањето и користењето на потребните средства за финансирање на работењето на Комората да се задржи на нивото од претходната година, се предлага да се задржи и основицата и стапката на придонесот (членарина), а до крајот на годината реално да се согледаат приливите на средства и покривањето на потребите и преку симулација на повеќе познати модели на обезбедување средства за финансирање на работењето на Комората, да се изнајде оптимално решение кое би ги задоволило потребите за нормално функционирање на Комората, односно здруженијата и регионалните комори.